**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Историја

## за VII одделение

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Историја** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Европа во раниот среден век***<br>• ***Балканот и Македонија во раниот среден век***<br>• ***Европа во развиениот и доцниот среден век***<br>• ***Балканот и Македонија во развиениот и доцниот среден век***<br>• ***Балканот и Македонија под османлиска власт*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди.<br>• Учебник.<br>• Енциклопедии,речници,историски атлас.<br>• Историски карти за средниот век.<br>• Хамер, флипчарт, маркери, хартија за цртање, боички, ножички, лепило, леплива лента, компјутер, ЛЦД проектор.<br>• Работни листови (според учебник/прирачник), неми карти.<br>• Календар за сметање на времето и илустрации од историски календари.<br>• Илустративни прикази на историските периоди.<br>• Прикази за археолошки наоѓалишта и културно-историски споменици од средниот век во светот и нашата држава.<br>• Временска лента за настани од минатото.<br>• Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи.<br>• Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста.<br>• Други извори на учење: споменици на културата, музеи, библиотеки, национални институции. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот Историја во седмо одделение може да ја изведува:<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар-архивист, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високо-образовни установи, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по историја со археологија-наставна насока, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Општество и демократска култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус и т.н.); |

| | |
|---|---|
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да учествува во хуманитарни и волонтерски акции и истите да ги поддржува; |
| VI-A.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-A.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |
| VI-A.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| VI-A.16 | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето; |
| VI-A.19 | да ја објаснува важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето; |
| VI-A.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат; |
| VI-A.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |
| VI-A.23 | да ги идентификува географските карактеристики на континентите, регионите и државите во светот и да ги поврзува со нивниот општествен развој; |
| VI-A.24 | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој; |
| VI-A.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето; |
| VI-A.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато; |

| | |
|---|---|
| VI-A.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент врз етичките норми и вредностите што ги застапуваат. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б.8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја,односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и за почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |
| VI-Б.13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди: ***Јазична писменост***, ***Математика и природни науки***, ***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој***, ***Техника***, ***технологија и претприемништво*** и ***Уметничко изразување и култура.***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.5 | да подготви и одржи говор со различна содржина и за различна цел, имајќи го предвид аудиториумот (возраста и етничкиот/културниот диверзитет); |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.), да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации |
| III-A.5 | да препорачува/применува размер во различни контексти од секојдневниот живот |
| III-A.16 | да изработува и користи цртежи во размер и да толкува мапи, |
| III-A.25 | да одлучува како да ги провери резултатите и размислува дали одговорот е разумен во контекст на проблемот |
| III-A.29 | да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, евалуира и дискутира заклучоци |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |

| | |
|---|---|
| IV-A.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-A.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста; |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример: ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела привреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно,со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |

| | |
|---|---|
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на другите култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.3 | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| III-Б.5 | љубопитноста и иновативноста се клучни за развивање на научно-истражувачката мисла; |

| | |
|---|---|
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на икт ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | уреди; IV-Б.4 во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите,за остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна –како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителности односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| **Тема:** ***ЕВРОПА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК***<br>**вкупно часови: 15** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. го препознава значењето на средниот век во историјата на човештвото;<br>2. ги именува најразвиените европски држави во раниот среден век и ги лоцира на историска карта и временска лента;<br>3. ги објаснува причините и последиците од Големата преселба на народите;<br>4. ги опишува формите на државно и општествено уредување на државите во раниот среден век и ги објаснува нивните разлики;<br>5. ги опишува најзначајните воени кампањи на европските владетели во раниот среден век и ги објаснува нивните последици врз политичките и територијалните промени во Европа;<br>6. ги опишува културните, научните и технолошките достигнувања на европските држави во раниот среден век и го препознава нивното влијание во современото општество;<br>7. ги препознава разликите и сличностите помеѓу христијанството и исламот.<br><br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развие почитување за културното наследство на Европа и Византија во раниот среден век. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Поим и значење на средниот век**<br>(среден век, периодизација, ран среден век, развиен среден век, доцен среден век, извори, значење) | • Ја објаснува периодизацијата на средниот век.<br>• Ги определува на временска лента раниот, развиениот и доцниот среден век.<br>• Ги наведува главните извори за историјата на средниот век.<br>• Го препознава значењето на средниот век во историјата на човештвото. |
| • **Големата преселба на народите и раните европски кралства**<br>(климатски промени, Врата на народите, племенски сојуз, Готи, Хуни, Вандали, Аварски каганат, Словени, Атила, Битка на народите) | • Ги определува правците на движење на племињата на историска карта.<br>• Ги објаснува причините и последиците од Големата преселба на народите.<br>• Ги наведува позначајните раносредновековни кралства и ги објаснува нивните каратеристики. |

| | |
|---|---|
| • **Државата на Франките**<br>(Меровинзи, Каролинзи, Клодовик, Пипин Кусиот, Карло Велики, Ахен, Верден, Папска држава, царство) | • Го определува времето и просторот на создавање на државата на Франките на историска карта и временска лента.<br>• Ги именува најистакнатите владетели од државата на Франките и ги наведува нивните достигнувања.<br>• Ги објаснува придобивките на папството од јакнењето на државата на Франките.<br>• Го препознава значењето на договорот од Верден како основа за создавање на некои од модерните европски држави. |
| • **Источното Римско Царство (Византија)**<br>(Ромеи, Константин  I, Јустинијан I, Ираклиј, македонска династија, Константинопол, василевс, трансформација, Јустинијаново законодавство) | • На историска карта и временска лента ја лоцира византиската држава за време на владеењето на Јустинијан I.<br>• Ги опишува промените во византиската држава за време на Ираклиевата династија.<br>• Ги наведува најзначајните преставници на Македонската династија и го објаснува нивното значење за зајакнување на државата.<br>• Ја согледува важноста на византиското законодавство за модерните правни системи. |
| • **Арабискиот калифат**<br>(Бедуини, Арабија, Мухамед, Мека и Медина, Хиџра, калифат, Омар) | • Ги опишува природните услови на Арабискиот Полуостров и занимањата на најстарите жители.<br>• Го објаснува значењето на Мека и Медина за појавата на исламот.<br>• Ги опишува најзначајните настани од животот на Мухамед.<br>• На историска карта ги посочува правците на ширење на Калифатот.<br>• Го објаснува значењето на исламот за формирањето на Калифатот. |
| • **Општеството во Европа и Византија (V-XI век)**<br>(феудализам, закрепостени селани, феудалец, вазалство, прекариј, имунитет, тематски систем, стратези, стратиоти, парици, пронија) | • Го препознава значењето на земјоделството за функционирање на средновековните општествени системи.<br>• Ја опишува хиерархиската поставеност на феудализмот.<br>• Го објаснува начинот на функционирање на тематскиот систем во Византија.<br>• Наведува примери за сличности и разлики на општествените системи во Западна Европа и Византија. |
| • **Научни и техолошки достигнувања во раниот среден век**<br>(Магнаурска школа, Фотиј, Михаил Псел, Кордобски универзитет, библиотека, математика, арапски броеви, Авицена, медицина, болници, астрономија, архитектонски иновации, купола, грчки оган) | • Ја објаснува улогата на Арабјаните во развојот на математиката, медицината, архитектурата и другите науки.<br>• Ја опишува дејноста на Магнаурската школа во Константинопол.<br>• Го објаснува влијанието на науката во средниот век врз животот на човекот.<br>• Ги наведува и опишува византиските архитектонски иновации.<br>• Именува неколку најзначајни научни достигнувања од Европа во раниот среден век и ја објаснува нивната примена во современоста. |

| | |
|---|---|
| • **Култура и културно наследство на Европа и Византија (V-XI век)**<br>(мозаици, икони, неракотворни икони, цркви, Света Софија, базилика „Св. Виталиј“, Синајски манастир, калиграфија, скрипториуми, палимпсести, Каролиншка ренесанса, дворска академија) | • Ги наведува најзначајните средновековни културни и уметнички достигнувања.<br>• Ги препознава зачуваните траги од средновековната европска култура во современоста.<br>• Го објаснува влијанието на религијата врз создавањето на културата и уметноста.<br>• Ги споредува културните достигнувања помеѓу византиската, западноевропската и арапската култура и ги објаснува нивните разлики и сличности. |
| • **Христијанството во раниот среден век**<br>(Вселенски собори, патријарх, црковни Отци, Августин, Јован Златоуст, Василиј Велики, еретички движења, аријанство, иконоборство, Големата схизма) | • Ги именува позначајните ранохристијански свети Отци.<br>• Ја опишува црковната хиерархија.<br>• Го објаснува значењето на Вселенските собори за формирањето на христијанското верување.<br>• Ги објаснува причините и последиците од Големата схизма.<br>• Наведува некои од еретичките движења и ги објаснува нивните разлики со православното христијанство. |
| • **Исламот: основни верувања и религиозни практики**<br>(петте столбови, Алах, џамија, Ќаба, Коран, сунити, шиити, хадис, шеријат) | • Ги наведува петте столбови на исламот.<br>• Го објаснува значењето на Ќаба за муслиманите.<br>• Ги препознава сличностите и разликите меѓу сунити и шиити.<br>• Го објаснува значењето на хадисот и шеријатот за исламот. |

**Примери за активности**

- Наставникот започнува со кратко објаснување на Големата преселба на народите, користејќи историска карта на Европа од IV до VI век. Потоа ги подготвува потребните материјали: карти со испрекинати патеки, картички со причини за преселба и маркери. Учениците се делат во четири групи (Визиготи, Остроготи, Хуни и Вандали или други) и избираат водачи. Секоја група добива картичка со причина за преселба и ја планира својата траекторија на картата. Потоа, групите решаваат различни предизвици на патот како преминување реки, совладување непристапни предели, освојување територии, преговори со други народи и битки за да стигнат до одредената цел на историската карта што е одредена за групата; врз основа на предизвиците одлучуваат како ќе ги поврзат испрекинатите патеки со маркери. Потоа, секоја група ги презентира причините за миграцијата, изборот за траекторијата на движење и пречките што ги сретнале по пат. Со наставникот како водич низ целиот процес се споредува историската точноста на движењето и изборот на траекториите на учениците и се анализираат причините, предизвиците и последиците од миграциите во текот на Големата преселба на народите. Оваа активност поттикнува кај учениците развивање на просторно-временска ориентација, разбирање на причинско-последичните врски во историските процеси, вештини за тимска работа и донесување одлуки, критичко размислување и решавање проблеми.
- Учениците прво истражуваат за историјата на Франките. На часот, наставникот ги дели во три групи: кралеви, крупни земјопоседници (советници)

и хроничари, објаснувајќи ги нивните улоги. Наставникот презентира историски сценарија со конкретни проблеми за секој крал (Клодовик, Карло Мартел, Пипин Кусиот и Карло Велики). Советниците предлагаат решенија, кралевите одлучуваат, а хроничарите ги бележат одлуките и последиците. Наставникот смислува сценарио што може да опфаќа внатрешни реформи, надворешна политика или културни промени. По секое завршено сценарио, хроничарите го презентираат исходот. Наставникот потоа ја објаснува вистинската историска верзија, споредувајќи ја со изборите на учениците и поттикнува дискусија за последиците од нивните одлуки. Оваа активност поттикнува критичко размислување, донесување одлуки и разбирање на историските процеси и нивните последици.

- Учениците следат презентација за општествениот живот во Западна Европа и Византија, во која се објаснети западноевропскиот феудален систем и тематскиот ситем во Византија. Наставникот ги дели учениците на шест групи, првите три групи се: западноеврпски владетели (крал или цар), феудалци (вазали) и закрепостени селани; вторите три групи се: византиски цар, стратег на тема и стратиот (војник-земјоделец). Групите добиваат задолженија дополнително да истражат и да ги опишат задачите, одговорностите и фунцкијата во општеството на секоја од улогите што ја добиле. На крај, наставникот на таблата црта три пирдамидално распоредени Венови дијаграми на кои групите ги пишуваат сличностите и разликите помеѓу владетелите од двете општества, помеѓу феудалците и стратезите и помеѓу закрепостените селани и стратиотите. Оваа активност поттикнува критичко размислување, споредбена анализа и разбирање на општествените структури во средновековна Западна Европа и Византија.
- Учениците имаат задача да истражат за византискиот цар Јустинијан I и за франкискиот крал/цар Карло Велики, односно за нивната внатрешна и надворешна политика, за влијанието врз културата и развојот на општеството, како и за влијанието што нивните држави го имале врз околните народи и Европа. Наставникот организира дебата помеѓу две групи од ученици кои треба да докажат кој имал поголемо политичко и културно влијание врз Европа и кој ја водел поуспешно својата држава. Дополнително, наставникот формира уште една трета група на ученици која ќе ја набљудува дебатата и ќе оценува за подобрите аргументи. Секоја група избира свој говорник кој ќе може да се конслутира со својата група после секоја рунда на аргументи. На крајот, групата оценувачи, со помош на наставникот, врз основа на квалитетот на аргументите, брзината во реакција со против аргументи и тимската работа го одредува победникот. Оваа активност поттикнува кај учениците развивање на критичко размислување, истражувачки вештини, аргументирање, тимска работа и подлабоко разбирање на историските процеси и нивното влијание врз развојот на Европа.
- Учениците подготувуваат проект и презентација за Арабискиот калифат. Наставникот ги дели во неколку групи, а секоја група истражува различен аспект од темата. Резултатите ги презентираат на заеднички хамер или мултимедијална презентација.

  Група 1: Опис на природните услови на Арапскиот Полуостров и занимањата на бедуините.
  Група 2: Значењето на Мека и Медина за исламот.
  Група 3: Животот на Мухамед (настани како Хиџра).
  Група 4: Правци на ширење на Калифатот (историска карта).
  Група 5: Значењето на исламот за формирање на Калифатот.
  Наставникот поставува прашања за резимирање преку кои треба да се заклучи кога и во кои околности се развила потреба за политичко обединување на жителите во Арабија, како и зошто било потребно проширување на Калифатот. Оваа активност поттикнува истражувачки

вештини, тимска работа, синтеза на информации и разбирање на комплексните историски процеси поврзани со формирањето и ширењето на Арабискиот калифат.

- Учениците се делат на 4 групи: научна/природнонаучна група (математичари, астрономи, хемичари/алхемирачи), архитектонска група (архитекти), медицинска група (лекари), уметничка група (уметници и писатели). Дополнително на ова, наставникот формира и владетелска група, составена од ученици кои ја претставуваат улогата на цар, крал или калиф со придружни благородници. Секоја од четирите групи подготува истражување за достигнувањата од својата област во раниот среден век. Групите избираат достигнување кое сметаат дека е најзначајно од областа и подготвуваат макета или нацрт што треба да го презентираат пред владетелската група, обидувајќи се да ја убедат дека со тој изум ќе се придонесе кон некаков општествен напредок. Владетелската група има клучна улога во активноста. Тие внимателно ги слушаат презентациите на другите групи, оценувајќи ги врз основа на квалитетот на истражувањето, практичната примена и потенцијалните општествени придобивки. По презентирањето, владетелската група води дискусија и донесува одлука за тоа кој предлог заслужува најголема поддршка, создавајќи хиерархија на предложените достигнувања. Наставникот преку активноста се обидува да ги поттикне учениците длабински да навлезат во средновековните научни, уметнички и технолошки достигнувања, развивајќи притоа вештини за тимска работа, критичко размислување, истражување и убедливо презентирање.
- Наставникот ги дели учениците во 4 групи, при што секоја група добива една тема поврзана со историјата на Византија, како на пример: основањето на Константинопол од Константин I, владеењето и законодавството на Јустинијан I, реформите на Ираклиј или достигнувањата на Македонската династија. Групите имаат 15 минути да смислат кратка приказна поврзана со нивната тема. Потоа, секоја група добива голем лист хартија поделен на четири дела, во кои цртаат по една сцена од својата приказна, користејќи боички или фломастери. Учениците можат да користат и временски ленти или карти во своите цртежи за подобро да ги прикажат историските настани и локации. По завршувањето на цртежите, групите ги презентираат своите приказни пред останатите, објаснувајќи што се случува во секоја сцена и како тоа се поврзува со историјата на Византија. На пример, групата која го обработува царот Ираклиј може да нацрта сцени од неговите битки против Персијците и Аварите или опсадата на Константинопол. По секоја презентација, останатите ученици можат да постават по неколку едноставни прашања кон презентерите. На крајот, сите цртежи се закачуваат на ѕидовите на училницата, создавајќи „галерија“ на византиската историја. Наставникот ја завршува активноста со кратка дискусија за наученото. Оваа активност поттикнува креативност, визуелно претставување на историски настани, тимска работа и развивање на презентациски вештини кај учениците.
- Наставникот подготвува голема табла (испечатена на лист хартија) за игра со нумерирани полиња, фигури за движење и картички со прашања за Големата преселба на народите и раните европски кралства. Прашањата опфаќаат теми како климатските промени, Врата на народите, племенски сојузи, Готи, Хуни, Вандали, Аварски каганат, Словени, Атила, Битка на народите и карактеристики на раносредновековните кралства. Учениците се делат во 4-5 групи кои се натпреваруваат движејќи се по таблата. Најпрво, секоја група извлекува во едно ливче со број за да се одреди редоследот на групите. Потоа групата со број 1 извлекува картичка со прашање и ако одговори точно оди напред едно поле, а ако не, останува во место, потоа истото го прават редоследно сите групи. Победник е групата која прва ќе стигне до крајот на таблата. Оваа активност поттикнува интерактивно учење, тимска работа и продлабочување на знаењата за Големата преселба на народите на забавен и натпреварувачки начин.
- Наставникот подготвува неколку едноставни, но интересни закони од Јустинијановиот корпус на закони, напишани на лист хартија. Учениците се

делат во мали групи од по неколку члена. Секоја група добива по еден „случај“ - кратка приказна за ситуација која бара правно решавање, заедно со 3-4 релевантни закони од Јустинијановиот кодекс. Групите имаат 10-15 минути да го проучат случајот и законите, да дискутираат и да донесат „пресуда“. Потоа, секоја група ја презентира својата пресуда пред целото одделение, објаснувајќи кои закони ги примениле и зошто. Останатите ученици можат да поставуваат прашања или да предложат алтернативни решенија. На крајот, наставникот води кратка дискусија за тоа како овие византиски закони се разликуваат или се слични со современите закони, и како правниот систем на Јустинијан влијаел врз развојот на модерното право. Оваа активност ги поттикнува учениците активно да размислуваат за примената на законите, да развиваат вештини за аргументација и да ја разберат важноста на Јустинијановото право во историски контекст.

- Наставникот црта голема Т-табела на таблата, со „христијанство“ на левата и „ислам“ на десната страна. Учениците се делат во мали групи. Секоја група добива празен лист хартија на кој треба да нацрта своја Т-табела. Наставникот потоа чита различни констатации поврзани со верувањата, практиките, светите книги, верските водачи и историските настани поврзани со двете религии. Групите дискутираат за секоја изјава и одлучуваат во која колона да ја сместат. Ако изјавата важи за двете религии, ја запишуваат во двете колони. По завршувањето, групите ги споделуваат своите одговори. Наставникот ги запишува точните одговори во главната Т-табела, објаснувајќи ги сличностите и разликите. На крајот, учениците дискутираат што научиле за двете религии и кои сличности и разлики ги изненадиле или им оставиле впечаток. Оваа активност поттикнува критичко размислување, споредбена анализа и продлабочено разбирање на сличностите и разликите меѓу христијанството и исламот.
- Наставникот организира квиз на знаење за утврдување и систематизација на темата. Ги дели учениците во три екипи (А, Б, В), водејќи сметка за воедначеноста на екипите. Ги објаснува правилата на квизот: 1. Секоја екипа одбира по еден ученик кој ќе одговара на прашањата. Останатите членови на екипата учествуваат во формулирање на одговорите. Наставникот чита прашање за екипата А (прашањата за квизот се во форма на презентација, илустрирани со одредена слика или цртеж), која одговара. За точен одговор се добива 1 поен. 2. Ако екипата А не го знае одговорот или одговори погрешно, одговара екипата Б. За точен одговор добиваат 1 поен, ако погрешат или не го знаат одговорот одговара екипа В. 3. На второто прашање прво одговара екипата Б по ист принцип, на третото екипа В и така до крајот на листата со прашања. Наставникот на таблата црта табела за впишување на бодови. Ја контролира точноста на одговорите и ги впишува поените за секоја екипа во табелата.

**Тема:** ***БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК***

**вкупно часови: 20**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги објаснува причините и последиците од преселбата на Словените на Балканот;
2. ги именува балканските држави во раниот среден век и ги лоцира просторно и временски;
3. ги наведува Македонските склавинииии и го објаснува нивното организирање и функционирање;
4. го објаснува создавањето и уредувањето на Самуиловата држава;
5. ги објаснува причините и последиците од востанијата во Македонија во XI век;
6. ги споредува раносредновековните општества на Балканот и ги објаснува разликите и сличностите;

| |
|---|
| 7. ја опишува дејноста на светите Кирил и Методиј и на Св. Климент и Св. Наум и го објаснува нивното културно и духовно наследство;<br>8. ја опишува дејноста и значењето на Охридската Архиепископија;<br>9. го објаснува процесот на христијанизација на Словените во Македонија и неговото влијание врз животот на луѓето;<br>10. го опишува карактерот на богомилското движење и го препознава неговото влијание во Европа.<br><br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развие почитување за културата и културното наследство на Балканот и Македонија во раниот среден век. |

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Населувањето на Словените на Балканот**<br>(преселба на народите, Карпати, Панонска низина, Јужни Словени, Авари, моноксили, топонимија) | • Ги наведува правците на движење на Словените и ги објаснува главните причини за нивната преселба.<br>• Ги именува позначајните јужнословенски племиња и ја лоцира нивната преселба на историска карта.<br>• Ги објаснува причините поради кои Словените успеале да ја пробијат византиската одбрана на Балканот.<br>• Преку примери ги објаснува последиците од преселбата на Словените на Балканот. |
| • **Создавање на бугарската држава**<br>(Аспарух, Дунав, Плиска, Преслав, Борис, Симеон, царство, покрстување, златен век) | • Ги одредува местото и времето на создавање на Бугарската држава на историска карта и временска лента.<br>• Ги именува позначајните владетели на Бугарската држава во раниот среден век и ја објаснува нивната улога во зајакнувањето на државата.<br>• Ги објаснува причините и последиците од процесот на покрстувањето на Бугарите.<br>• Од примерот на бугарската држава во времето на Симеон го разбира функционирањето на империјалните средновековни држави. |
| • **Дукља и Рашка**<br>(Рас, планински области, Властимир, Часлав, Доклеја, Зета, Јован Владимир, Михаил, кралска круна) | • Ги наведува географските и временските рамки во кои биле формирани Дукља и Рашка.<br>• Ги опишува односите на Рашка со нејзините соседи.<br>• Ги именува највлијателните владетели на Дукља и ја објаснува нивната улога во зацврстувањето и проширувањето на државата.<br>• Ги објаснува влијанијата и врските помеѓу Дукља и настаните во Македонија. |
| • **Албанија во раниот среден век**<br>(романизирано население, Илири, Словени, Готи, Аполонија, Авлона, Драч, Никопол, византиска власт) | • Објаснува како Големата преселба на народите влијаела врз територијата на Албанија и го опишува односот помеѓу новодојдените племиња и староседелците. |

| | |
|---|---|
| | • Ги опишува интересите и односот на балканските држави кон Албанија во раниот среден век.<br>• Ги објаснува причините за кревање на востанието на Тихомир.<br>• Го препознава значењето на Албанија како зона на интерес помеѓу христијанските центри во Рим и Константинопол. |
| • **Македонските склавинии**<br>(Драговити, Смолјани, Сагудати, Солун, архонти, Пребонд, Хацон, полудржавни формации, чуда, Св. Димитриј Солунски) | • Именува дел од словенските племиња што се населиле во Македонија и ги лоцира на историска карта.<br>• Ги опишува словенските напади врз Солун и ги објаснува причините за нивниот неуспех.<br>• Ја препознава разликата помеѓу племе и склавинија и ги објаснува политичките карактеристики на Македонските склавинии.<br>• Го опишува односот на македонските Словени кон староседелското население. |
| • **Самуиловата држава**<br>(Никола, комитопули, Самуил, востание, тетрархија, Трајанова порта, Беласица, Преспа, Св. Ахил, Василиј II, црква, круна, папа, Гаврил Радомир, Јован Владислав) | • На историска карта го лоцира просторот каде Самуиловата држава била концетрирана и ги покажува правците на ширење.<br>• Го објаснува значењето на востанијата на комитопулите и нивната улога во создавањето на државата.<br>• Ги објаснува околностите и улогата на папството во однос на крунисувањето на Самуил за цар.<br>• Ги анализира односите со Византија и ги опишува најзначајните судири.<br>• Ги наведува причините за распаѓањето на Самуиловата држава.<br>• Преку примерот на Самуиловата држава го согледува создавањето нови држави во средниот век. |
| • **Востанијата во Македонија во XI век**<br>(Петар Делјан, Тихомир, Алусијан, Скопје, Драч, Острово, Ѓорѓи Војтех, скопски благородници, Константин Бодин, Костур) | • Ги именува водачите и востанијата во Македонија во XI век.<br>• Ги објаснува причините за кревање на востанијата.<br>• На историска карта ги лоцира пределите кои биле зафатени со востанијата.<br>• Со анализа ги споредува двете востанија и ги објаснува причините за нивно задушување.<br>• Преку примерот за востанијата во XI век ги препознава континуиранииите тенденции за отпор и политичка независност на територијата на Македонија. |
| • **Општеството на балканските држави (V-XI век)** | • Ги наведува називите на владетелските титули на секоја од балканските држави.<br>• Го објаснува поимот „феудална монархија“.<br>• Преку пример на една од балканските држави ја објаснува феудалната хиерархија. |

| | |
|---|---|
| (феудална монархија, хан, жупан, комес, крал, кнез, цар, престолнина, царска канцеларија, болјари, благородници, слободни селани, занаетчии) | • Прави споредба и ги опишува различностите и сличностите во општествата на балканските земји. |
| • **Појава и развој на словенската писменост** (Светите Кирил и Методиј, глаголица, солунски наречја, старословенски јазик, просветители, богослужбени книги, Моравска мисија, Рим, Адријан II, Ростислав, тријазичници) | • Ги објаснува условите во кои се создала словенската азбука.<br>• Го опишува животот на словенските просветители Кирил и Методиј и ја објаснува нивната дејност.<br>• Го објаснува значењето на Моравската мисија за распространување на христијанството и словенската писменост.<br>• Ја согледува заслугата на светите Кирил и Методиј за културниот развој на словенските народи и европската цивилизација. |
| • **Дејноста на Св. Климент и Св. Наум** (ученици, Кутмичевица, Охридска книжевна школа, универзитет, епископ, кирилометодиевска традиција, чудотворец, Охридско езеро) | • Ја опишува улогата на Св. Климент и Св. Наум како ученици на светите Кирил и Методиј и го објаснува нивниот придонес во развојот на словенската култура и писменост.<br>• Ја објаснува функцијата и активноста на Охридската книжевна школа.<br>• Го забележува и опишува влијанието што Св. Климент го имал како учител и епископ врз животот на луѓето.<br>• Ги препознава Св. Климент и Св. Наум како значајни светители во македонската духовна традиција. |
| • **Културата и културното наследство на Балканот во раниот среден век** (пофални слова, житија, Панонски легенди, Црноризец Храбар, Асеманово евангелие, Зографско евангелие, Преславска школа, кирилични натписи, Самуилова тврдина, Св. Софија, Св. Пантелејмон, сликарство) | • Наведува примери од најзначајните градби, книжевни и уметнички дела на Балканот и во Македонија во раниот среден век.<br>• Ја опишува дејноста на Преславската книжевна школа.<br>• Со примери од книжевни дела и натписи ги определува жариштата на глаголицата и кирилицата на Балканот. |
| • **Христијанизацијата на Словените во Македонија** (многубоштво, Перун, Весна, Лада, Велес, Солунска митрополија, царски походи, словенско кнежевство, словенска азбука, Св. Климент и Св. Наум) | • Ги опишува религијата и верувањата на Словените пред прифаќањето на христијанството.<br>• Ја опишува улогата на светите Кирил и Методиј и нивните ученици во христијанизацијата на Словените.<br>• Го објаснува влијанието на Византија и Бугарија врз христијанизирањето на Словените во Македонија.<br>• Ја согледува долготрајноста на процесот на словенската христијанизација. |
| • **Богомилството** | • Ја опишува структурата на богомилските општини.<br>• Ги наведува основните богомилски верувања и навики. |

| | |
|---|---|
| (еретичко движење, павликијани, дуализам, цар Петар, поп Богомил, поп Василиј, Бабуна, дедец, обични и совршени, мегленска и драговитска општина, Беседа против богомилите, патарени) | • Ги објаснува причините за ширење на богомилството на Балканот.<br>• Го опишува односот на балканските држави кон Богомилското движење.<br>• Го препознава влијанието на богомилството врз проширувањето на слични еретички учења во Европа. |
| • **Охридската архиепископија**<br>(автокефална православна црква, црковна организација, Свет синод, архиепископија, Василиј II) | • Го објаснува создавањето на Охридската архиепископија како автокефална православна црква.<br>• Ја разбира улогата на црквата во државата и секојдневниот живот.<br>• Ја објаснува улогата на Охридската архиепископија во негувањето на словенската писменост.<br>• Го опишува односот на Византија и другите држави во чиј што состав опстојувала Охридската архиепископија. |

**Примери за активности**

- Активноста започнува со поделба на учениците во четири групи, секоја со задача да истражи различни аспекти на словенската миграција и населување на Балканот. Наставникот на располагање им става голема историска карта на Европа и Балканот, историски извадоци што тој смета дека се релевантни и по можност пристап до интернет, историски книги и материјали за изработка на плакати. Секоја група добива специфична истражувачка задача: првата група ја истражува прататковината на Словените, втората се фокусира на причините за преселување на Словени, третата ги проучува словенските племиња кои се населиле на Балканот, додека четвртата група ги истражува промените што настанале на Балканот по доселувањето на Словените. Учениците имаат 15 минути за истражување, по што следува период од 10 минутен за подготовка на кратки презентации. Потоа, секоја група има по 5 минути за презентирање на своите наоди, притоа ако е возможно илустрираат и на историската карта. По секоја презентација, останатите групи имаат можност да поставуваат прашања или да додадат информации. Доколку има време на истиот част или на часот за повторување, наставникот потоа води заедничка дискусија, поттикнувајќи ги учениците да размислуваат за тоа што научиле за старите Словени, како се одвивала нивната миграција и какви промени настанале на Балканот по нивното доаѓање. Посебен акцент се става на концептот на „словенизација“. Доколку се обезбедени плакати учениците за домашно изработуваат по еден за својата задача. Оваа активност поттикнува истражувачки вештини, тимска работа, критичко размислување и разбирање на историските процеси поврзани со словенската миграција и населување на Балканот.
- Активноста започнува со цел учениците да ги споредат и разберат сличностите и разликите помеѓу раната бугарска држава и српските држави Дукља и Рашка. Учениците се делат во шест групи, при што секоја група претставува еден значаен владетел: Борис I и Симеон I од Бугарија, Властимир и Часлав од Рашка, и Михаил и Константин Бодин од Дукља. Групите имаат 15 минути да истражат за својот владетел (преку материјали од наставникот, учебникот или истражување на интернет под менторство на наставникот), фокусирајќи се на времето на владеење, главните достигнувања, предизвиците со кои се соочувал и односите со соседните држави. Потоа се организира „средновековен совет“ каде што по еден претставник од секоја група го „глуми“ својот владетел. Владетелите седнуваат во круг и секој има кратко време да се претстави и да ги истакне

своите најголеми достигнувања. Наставникот потоа поттикнува дискусија со прашања за тоа како ја зајакнале својата држава, какви односи имале со Византија, како влијаело христијанството на нивното владеење и кои биле најголемите предизвици со кои се соочиле. Останатите ученици можат да поставуваат дополнителни прашања на „владетелите“. На крајот, наставникот води дискусија за сличностите и разликите помеѓу овие држави и владетели, фокусирајќи се на процесот на создавање на државите, улогата на христијанството, односите со Византија и културниот развој. Оваа активност ги поттикнува учениците активно да учествуваат, да развиваат вештини за истражување и презентација, и да ги разберат комплексните односи помеѓу средновековните балкански држави.

- Наставникот подготвува листа со констатации за Албанија во раниот среден век. Учениците се поделени во мали групи од 3-4 ученици. Секоја група добива два листови хартија со напишани симболи за точно и погрешно: „Т“ и „⊥“. Процесот се одвива вака: Наставникот ја чита констатацијата (пример: „Драч бил важен град под византиска власт;“ „Албанија била населена само со Илири во раниот среден век;“ „христијанството немало никакво влијание во раносредновековна Албанија;“). Групите дискутираат кратко и одлучуваат дали е вистина или невистина. На знак од наставникот, сите групи истовремено покажуваат својот лист хартија. Наставникот бара од една група која одговорила точно да го објасни одговорот. Ако ниедна група не одговорила точно, наставникот дава објаснување. По секоја изјава, наставникот додава дополнителни информации за да ја прошири темата. На крајот, групата со најмногу точни одговори објаснува која информација им била најинтересна и зошто. Оваа активност поттикнува критичко размислување, тимска работа и брзо донесување одлуки кај учениците при учењето за историјата на раносредновековна Албанија.
- Активноста започнува со објаснување на учениците дека секој од нив ќе ја преземе улогата на личен животописец и придружник на царот Самуил. Учениците добиваат лист хартија кој ќе го претставува нивниот „дневник“. Наставникот потоа ги води низ четири клучни настани од животот на Самуил: востанието на комитопулите од 969 г. или од 976 г., прогласувањето на Самуил за цар, победата кај Трајановата Порта и поразот кај Беласица. За секој настан, учениците пишуваат кратка белешка во својот дневник, вклучувајќи ги фактите за настанот, замислена реакција на Самуил и нивно лично мислење како „прдружник и животописец“. По завршувањето на сите настани, неколку ученици ги читаат своите белешки пред класот. Наставникот води завршна дискусија за различните интерпретации на истите настани, поттикнувајќи ги учениците да размислуваат критички за историските личности и настани. Оваа активност поттикнува развивање на историска емпатија, критичко размислување и креативно пишување кај учениците преку лично доживување на клучните настани од животот на цар Самуил, како и разбирање за значењето на Самуиловата држава во средновековната македонска историја.
- Активноста започнува со поделба на учениците во четири групи, при што секоја група добива специфична истражувачка задача за Македонските склавинии. Првата група истражува за словенските племиња што се населиле во Македонија, со фокус на Драговитите, Берзити, Смолјаните и Сагудатите, и ги лоцира на историска карта. Втората група се фокусира на словенските напади врз Солун, како и причините за неуспехот на нападите. Третата група ги истражува политичките карактеристики на Македонските склавинии, објаснувајќи ја разликата меѓу племе и склавинија. Четвртата група го проучува односот на македонските Словени кон староседелското население. По истражувањето, секоја група подготвува кратка презентација со клучните наоди. Наставникот потоа организира дискусија каде групите ги презентираат своите сознанија, а останатите ученици поставуваат прашања и додаваат свои согледувања. На крајот, наставникот води завршна дискусија, поврзувајќи ги различните аспекти на Македонските склавинии и нивното значење во раносредновековната историја на Македонија. Оваа активност поттикнува развивање на истражувачки вештини и тимска работа кај учениците. Истовремено, таа го продлабочува нивното разбирање за Македонските

склавинии и раносредновековната историја на Македонија преку активно учество и дискусија.

- Наставникот подготвува две неми карти на Македонија и околните области на хартија или на таблата, без означени имиња на градови или региони. Учениците се делат во две групи: една за востанието на Петар Делјан  и друга за востанието на Ѓорѓи Војтех. Секоја група добива листа со клучни места поврзани со нивното востание (на пример: Скопје, Драч, Острово, Костур) и задача да ги лоцираат овие места на немата карта. Додека ги означуваат местата, учениците треба да објаснат:
    - Што се случило на тоа место;
    - Кои личности биле вклучени;
    - Зошто тој настан бил важен за текот на востанието;

  По завршувањето, групите ги презентираат своите карти, а наставникот води дискусија фокусирана на:
    - Причините за избувнување на востанијата;
    - Клучните личности и нивните улоги;
    - Исходот и последиците од востанијата;
    - Споредба на двете востанија, идентификувајќи сличности и разлики во нивните причини, тек и последици;

  Оваа активност им помага на учениците да ги визуелизираат и подобро разберат клучните аспекти на двете востанија, развивајќи вештини за анализа и споредба на историски настани.
- Наставникот започнува активност со цртање на голема пирамида на таблата, поделена на неколку нивоа. Тој објаснува дека заедно ќе го „изградат“ феудалното општество на Балканот. Секој ученик добива можност да излезе пред таблата и да додаде еден елемент на цртежот: на врвот на пирамидата се црта владетел (цар, крал, кнез, жупан и др.), на следното ниво се цртаат благородници, а на пониските нивоа селани и занаетчии. Кога ученикот црта, треба да објасни што црта и зошто тоа е важно за феудалното општество, додека другите ученици можат да дадат предлози или да поставaт прашања. Наставникот ги поттикнува учениците да додадат и други елементи како замоци, куќи, алатки или симболи на власт. На крајот, кога сите ученици ќе придонесат, наставникот води кратка дискусија за целосната слика, истакнувајќи ги клучните карактеристики на феудалното општество. Оваа активност поттикнува активно учество, визуелно претставување и тимско учење на начин кој е лесен за разбирање и забавен за учениците.
- На почетокот, учениците следат мултимедијална презентација на наставникот за создавањето на словенската азбука на Св. Кирил и Методиј и нејзиното ширење преку работата на Св. Климент и Св. Наум. По предавањето, наставникот ги пишува на таблата следните клучни зборови: Кирил, Методиј, глаголица, Климент, Наум, Охрид, писменост. Учениците се делат во мали групи. Врз основа на предавањето на наставникот и она што го запомниле, секоја група има задача да состави кратка приказна со свои зборови, користејќи ги сите овие клучни поими. Приказната треба да опише како се создала и ширела словенската писменост, според нивното разбирање на материјалот, без да консултираат дополнителна литература или учебник. На крајот, секоја група ја чита својата приказна пред класот. Наставникот ги истакнува точните информации од секоја приказна, ги корегира евентуалните грешки и дополнува со важни факти кои можеби биле испуштени. Оваа активност поттикнува креативно размислување, синтеза на информации и активно учество на учениците во разбирањето и интерпретацијата на историјата на словенската писменост.
- Најпрво, наставникот црта голема временска лента на таблата, поделена на три периоди: претхристијанските верувања на Словените, време на

христијанизација на Словените во Македонија и време на Охридската архиепископија до XI век. Потоа, наставникот дава кратко потсетување за секој период, истакнувајќи ги клучните концепти, личности и настани. По секој дел од краткото потсетувачко предавање, учениците се повикуваат да излезат пред таблата и да додадат важни информации на временската лента, како имиња на словенски богови во паганскиот период, имиња на важни мисионери во периодот на христијанизација или личнсоти и настани поврзани со Охридската архиепископија. Наставникот ги охрабрува учениците да поставуваат прашања и да дискутираат за информациите додека се додаваат на лентата. Откако ќе се пополни целата временска лента, наставникот води дискусија за промените во верувањата низ времето и важноста за создавањето на посебна црковна институција на територијата на Македонија, поттикнувајќи ги учениците да забележат дека процесите траат и не завршуваат во еден момент. На крајот, учениците добиваат задача да напишат кратко резиме за целиот процес на религиозни промени, користејќи ја временската лента како визуелна помош. Оваа активност ги вклучува сите ученици во создавањето на временската лента, им помага визуелно да ги разберат промените во верувањата низ времето, и ги поттикнува активно да размислуваат за историските процеси на христијанизација и развојот на црквата во средновековна Македонија.

- Наставникот на учениците им дава кратки материјали со објаснување за суштината на богомилството. Потоа, ги дели учениците во мали групи од неколку ученици. Секоја група добива лист хартија со една јасна „богомилска порака“ - клучен аспект на богомилското учење. Примери за пораки: „материјалниот свет е создаден од злото;“ „треба да се одбиваат црковните ритуали;“ „сите луѓе се еднакви пред Бога.“ Задачата на групата е да дискутира за пораката и да подготви објаснување зошто богомилите верувале во тоа, да даде аргумент како би го одбраниле ова верување пред властите и пример како ова верување би влијаело на секојдневниот живот на луѓето. По дискусијата, секоја група ги презентира своите заклучоци пред целото одделение. Наставникот поттикнува прашања и дискусија меѓу групите, дополнувајќи ги објаснувањата со историски контекст. На крајот, наставникот води завршна дискусија за влијанието на богомилството врз средновековното општество и неговото наследство. Оваа активност поттикнува критичко размислување, анализа и разбирање на суштината и влијанието на богомилското учење врз средновековното општество.
- Наставникот ја започнува активноста со кратко објаснување за културното наследство на Балканот во раниот среден век. Потоа, на таблата црта три колони со насловите: „книжевност“, „градежништво" и „уметност“. Учениците еден по еден излегуваат пред таблата и додаваат по еден пример во соодветната колона, накратко објаснувајќи за што станува збор. На пример, во „книжевност" може да се додадат некои од житијата; во „градби“ – некои од позначајните цркви во раниот среден век; во „уметност" - достигнувања во црковното сликарство, односно фрески или икони. Наставникот ги поттикнува учениците да се сетат и на други примери кои не се споменати во почетното објаснување. Откако ќе се пополнат доволен број на поими во колоните, наставникот води кратка дискусија за развојот на културата на Балканот и разновидноста на културното наследство. Оваа едноставна активност ги поттикнува учениците на визуелно претставување и синтеза на знаења за културното наследство на Балканот во раниот среден век.
- Наставникот организира квиз на знаење за утврдување и систематизација на темата. Ги дели учениците во три екипи (А, Б, В), водејќи сметка за воедначеноста на екипите. Ги објаснува правилата на квизот: 1. Секоја екипа одбира по еден ученик кој ќе одговара на прашањата. Останатите членови на екипата учествуваат во формулирање на одговорите. Наставникот чита прашање за екипата А (прашањата за квизот се во форма на презентација, илустрирани со одредена слика или цртеж), која одговара. За точен одговор се добива 1 поен. 2. Ако екипата А не го знае одговорот или одговори погрешно, одговара екипата Б. За точен одговор добиваат 1 поен, ако погрешат или не го знаат одговорот одговара екипа В. 3. На

| |
|---|
| второто прашање прво одговара екипата Б по ист принцип, на третото екипа В и така до крајот на листата со прашања. Наставникот на таблата црта табела за впишување на бодови. Ја контролира точноста на одговорите и ги впишува поените за секоја екипа во табелата. |

**Тема:** ***ЕВРОПА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК***

**вкупно часови: 15**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги објаснува Крстоносните походи и го разбира нивното значење;
2. го објаснува процесот на слабеење на Византија и ги разбира последиците од падот на Константинопол;
3. го објаснува создавањето на европските монархии и ги опишува нивните меѓусебни односи и процесот на централизација на власта во Западна Европа;
4. наведува примери за откритија од Ерата на откритијата и го разбира нивното значење во човековата историја;
5. го објаснува процесот на појава и развој на средновековните градови и наведува примери за карактеристични средновековни градови;
6. го опишува начинот на живот во Византија во средниот век;
7. наведува примери за научни и технолошки достигнувања во развиениот и доцниот среден век и го разбира нивното значење;
8. ја објаснува појавата на хуманизмот и ренесансата, ги наведува нивните главни карактеристики и претставници;
9. наведува примери за витешки редови во средниот век и ги објаснува нивните односи со католичката црква и државните власти во Западна Европа;
10. ги објаснува поделбите во христијанството предизвикани од процесот на реформација и реакцијата на католичката црква против реформацијата.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развие почитување за културата и културното наследство на средновековна Европа.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Крстоносните походи** (крстоносци, Клермон, Урбан II, Свети земји, Божји гроб, Ерусалим, Фридрих I Барбароса, Ричард Лавовско Срце, Филип II Август, Саладин, Акра) | • Ги наведува причините за Крстоносните походи.<br>• Ја објаснува улогата на западната црква во организирањето на Крстоносните походи.<br>• Ги определува најважните походи и ги лоцира на историска карта и временска лента.<br>• Ги споредува последиците од Крстоносните походи за земјите од Западна Европа и Источниот Медитеран. |
| • **Византија од XII до XV век** (Комнени, Палеолози, Манцикерт, Епирска држава, Никејско Царство, Михаил VIII Палеолог, граѓанска војна, наемници, Константин XI Драгаш) | • Ги објаснува последиците од Четвртиот крстоносен поход за Византија.<br>• Ги наведува државите кои се создале на територијата на Византија по Четвртиот крстоносен поход и ги лоцира на историска карта.<br>• Ги опишува околностите во кои Византија била обновена. |

| | |
|---|---|
| | • Ги наведува причините за слабеење на Византија и потпаѓање под власт на Османлиите.<br>• Го објаснува значењето на падот на Константинопол под власт на Османлиите во историјата на Европа. |
| • **Европските монархии во развиениот и доцниот среден век**<br>(Свето Римско Царство, Отон I, Хајнрих IV, Каноса, Нормани, Хенри II Плантагенет, Јован Безземја, Голема повелба на слободата, Англија, Франција, Филип IV Убавиот, Стогодишна војна) | • Ги објаснува причините за судирот меѓу Папската држава и Светото Римско Царство.<br>• Го опишува освојувањето на Англија од страна на Норманите и неговите последици.<br>• Наведува примери за централизација на државната власт во Западна Европа.<br>• Го разбира значењето на Големата повелба на слободата во историјата на човештвото.<br>• Ги наведува причините и последиците од Стогодишната војна. |
| • **Ера на откритијата**<br>(поморски пат до Индија, Кристофер Колумбо, Америка, претколумбовски цивилизации, Маи, Инки, Ацтеки, Америго Веспучи, Фернандо Магелан, компас, каравела, барут, астролаб, географска карта, Васко де Гама, ‘Рт на добрата надеж) | • Ги наведува и лоцира на историска карта најважните откритија од Ерата на откритијата.<br>• Го објаснува потеклото на името Америка.<br>• Ги разликува причините за географските откритија и нивните последици.<br>• Наведува примери од технички достигнувања кои придонеле за полесно откривање на новите земји.<br>• Го објаснува значењето од патувањето на Фернандо Магелан за човековата цивилизација. |
| • **Средновековниот град**<br>(еснафи/цехови, гилди, Венеција, Џенова, Пиза, Марсеј, Дубровник, комуна, ѕидини, ровови, подвижни врати, епидемии, чума) | • Го објаснува процесот на појава на средновековните градови.<br>• Ги наведува формите на организирање на занаетчиите и трговците.<br>• Го опишува изгледот на средновековните градови.<br>• Наведува примери за средновековни градови во Западна Европа.<br>• Ги објаснува причините за појава на епидемии и наведува примери за познати епидемии во средниот век. |
| • **Животот во Византија**<br>(мерење на времето, забава, игри, хиподром, хигиена и нега, традиции, училишта, улогата на жената) | • Го објаснува начинот на живот во Византија.<br>• Ги наведува и објаснува најважните традиции во Византија.<br>• Ја објаснува улогата на жената во византиското општество.<br>• Наведува примери за секојдневните навики на Ромеите (хигиена, забава, интеракција и друго). |
| • **Науката и филозофската мисла од XII до XVIII век**<br>(универзитети, Болоња, Париз, Оксфорд, Јохан Гутенберг, Никола Коперник, Галилео Галилеј, | • Ја опишува улогата на универзитетите како центри на новиот начин на образование.<br>• Ги разликува универзитетите и црковните училишта во средниот век. |

| | |
|---|---|
| астрономија, физика, телескоп, филозофија, Френсис Бекон, Томас Хобс, Џон Лок) | • Ги објаснува најважните научни и технолошки достигнувања во развиениот и доцниот среден век.<br>• Ги наведува главните правци на развојот на филозофската мисла кон крајот на средниот век.<br>• Наведува примери за универзитети од средниот век кои постојат до денес. |
| • **Подем на западноевропската култура и уметност до XVIII век**<br>(хуманизам, ренесанса, Фиренца, мецени, Рим, Франческо Петрарка, Џовани Бокачо, Данте Алигиери, базилика Свети Петар во Рим, Леонардо да Винчи, Микеланџело, Мона Лиза, Тајната вечера, романски стил, готски стил, Нотр Дам, Вилијам Шекспир, Мигел де Сервантес, Николо Макијавели, Волфганг Амадеус Моцарт) | • Го објаснува процесот на појава на хуманизмот и ренесансата како нови правци во европската култура.<br>• Ги наведува главните карактеристики на хуманизмот и ренесансата.<br>• Ги објаснува промените во средновековното општество кои биле предизвикани од хуманизмот и ренесансата.<br>• Ги наведува најважните претставници на хуманизмот и ренесансата во литературата и уметноста.<br>• Препознава примери на готскиот и романскиот архитектонски стил во Европа. |
| • **Црквата и религијата во животот на средновековниот човек**<br>(Инокентиј III, унија, витешки редови, темплари, фрањевци, доминиканци, катари) | • Го објаснува влијанието на црквата и религијата во западноевропските општества.<br>• Ја објаснува црковната политика на папата Инокентиј III.<br>• Ги наведува највлијателните витешки редови во средниот век и го опишува нивниот однос со католичката црква и државните власти во Западна Европа.<br>• Наведува примери за прогонување на еретиците од страна на католичката црква. |
| • **Реформација и противреформација**<br>(реформација, протестантство, Мартин Лутер, лутеранство, калвинизам, Хенри VIII, англиканизам, језуити, инквизиција) | • Ги наведува причините кои довеле до појава на реформацијата.<br>• Ги објаснува поделбите во христијанството предизвикани од реформацијата.<br>• Ги наведува главните гранки на протестантизмот и нивните претставници.<br>• Ја објаснува реакцијата на католичката црква против реформацијата. |

**Примери за активности**

- Учениците поделени во две групи добиваат задача да си претставаат замислена ситуација во која: 1. Учениците од групата А се рицари кои учествувале во Четвртиот крстоносен поход и по неговото завршување ги запишуваат „нивните сеќавања и впечатоци“ од походот. Во текстот ги објаснуваат целта на походот, променетиот правец на движење, последиците од походот и неговите водачи. 2. Учениците од групата Б се трговци во Ерусалим, чиј дом и магацини биле запалени по освојувањето на градот од страна на крстоносците во текот на Првиот крстоносен поход. Во текстот ги објаснуваат разурнувањата на градот кои „ги доживеале“ и истите во форма на писмо ги испраќаат до нивните роднини во соседниот град. По завршувањето на задачата учениците со помош на наставникот дискутираат за различните последици од Крстоносните походи за земјите од Западна Европа и Источниот Медитеран. Оваа активност поттикнува развивање на историска емпатија, критичко размислување, креативно

пишување и подлабоко разбирање на Крстоносните походи и нивните последици.

- Наставникот ги дели учениците во групи од најмногу 5 ученици, при што еден ученик ја има задачата да биде средновековен европски владетел, тројца ученици се негови советници кои предлагаат решенија, а еден ученик е хроничар, кој ги запишува одлуките на „својот владетел“. Пред учениците од различните групи се дадени различни сценарија, предизвици и прашања од областа на војната, економијата и општеството и по однос на тие ситуации потребно е да донесат одлуки за иднината на нивната држава. Притоа, наставникот ги поттикнува учениците да размислуваат на историските последици од нивните одлуки. По завршувањето на активноста, „хроничарите“ од групите ги презентираат одлуките на „нивниот владетел“ и со помош на наставникот ги анализираат позитивните и негативните последици кои произлегуваат од тие одлуки. Оваа активност поттикнува критичко размислување, донесување одлуки и разбирање на историските процеси и нивните последици.
- Учениците поделени во две групи добиваат задача да си претставаат замислена ситуација во која: 1. Учениците од групата А се патници на бродот „Санта Марија“, кој под команда на Кристофер Колумбо го преминал Атлантикот и стигнал до Сан Салвадор. По враќањето дома учениците ги запишуваат „своите искуства“ од патувањето со Колумбо. Притоа во текстот ја опишуваат каравелата со која се движеле, објаснуваат на кој начин успеале да се ориентираат низ Атланскиот Океан и што откриле (или мислеле дека откриле) на експедицијата со Колумбо. 2. Учениците од групата Б се патници на бродот „Викторија“, кој бил единствениот брод од експедицијата на Фернандо Магелан, кој успешно се вратил во Шпанија. По враќањето дома учениците ги запишуваат „своите искуства“ од патувањето со Магелан. Притоа во текстот тие опишуваат со колку бродови и во кој правец тргнале, каде се движеле, со какви предизвици се соочиле на патувањето, што се случило со предводникот на нивната експедиција и какви растителни култури откриле на патувањето. Наставникот постојано ги води и насочува учениците кон информациите кои се релевантни за нив во текот на активноста. Оваа активност поттикнува развивање на критичко размислување, креативно пишување и подлабоко разбирање на Ерата на откритијата.
- Учениците заедно со наставникот организираат изложба за развојот на средновековните градови. Учениците поделени во три групи наоѓаат фотографии и податоци за познатите средновековни градови кои и денес постојат, како и за тоа како изгледале средновековните занаети, како изгледала трговијата во средновековните градови. Прават споредба со тоа како изгледале средновековните градови во споредба со современите градови. Оваа активност поттикнува развивање на вештини за истражување, критичко размислување и споредбена анализа.
- Учениците се делат во три групи и секоја група влече лист со текст (историски извор) кој опишува различни аспекти во врска со животот во Византија. Притоа, во историскиот извор што го добива првата група се наведени византиските традиции, во изворот што го добива втората група се наведени секојдневните навики на Ромеите (хигиена, забава, интеракција и друго), а во изворот што го добива третата група е опишана улогата на жената во византиското општество. Наставникот им помага на учениците да ги анализираат историските извори и да ја сфатат нивната содржина. Потоа учениците со помош на наставникот ги одговараат следните прашања: 1. Кои биле најпознати византиски традиции? 2. Каква била улогата на жената во византиското општество? 3. Како изгледал секојдневниот живот на Ромеите? 4. Дали и како животот во Византија се разликувал од животот во градовите во Западна Европа? Оваа активност поттикнува развивање способност за критичко размислување, разбирање и толкување на историските извори и ги продлабочува познавањата на учениците за начинот на живот во Византија.
- Учениците поделени во 4 групи добиваат задача да истражуваат на интернет и во историска литература за развојот на науките и технологијата во развиениот и доцниот среден век. Првата група истражува за најзначајните пронајдоци кои го олесниле животот на луѓето, втората група

истражува за развојот на астрономијата и физиката, третата група истражува за развојот на филозофската мисла, а четвртата група истражува за појавата на првите универзитети. Секоја група собира податоци, ги селектираат и изработуваат плакати кои потоа ги презентираат. На крајот на часот учениците преку поставени прашања од страна на наставникот одговараат и водат дискусија за сите промени кои се случиле кај луѓето со развојот на науките и технологиите во развиениот и доцниот среден век. Учениците добиваат задача да изработат табела во која ќе ги внесат информациите кои биле презентирани на часот. Оваа активност поттикнува истражувачки вештини, тимска работа, синтеза на информации и разбирање на развојот на науките и технологијата во развиениот и доцниот среден век.

- Наставникот и учениците изработуваат визуелна презентација за хуманизмот и ренесансата во Европа, при што една група ученици истражуваат за познатите писатели и литературни дела, втора група ученици истражува за познатите уметници и уметнички дела, а трета група ученици истражува за најпознатите архитектонски стилови во средновековна Европа (готски и романски). Преку своите задачи учениците го откриваат влијанието на античката уметност и култура врз хуманизмот и ренесансата и ги откриваат промените во средновековното општество предизвикани од хуманизмот и ренесансата. Оваа активност поттикнува истражувачки вештини, тимска работа, критичко размислување и разбирање на хуманизмот и ренесансата и нивното значење во историјата на човештвото.
- Учениците, поделени на две групи добиваат задача да изработат презентација за различни аспекти од средновековната црква. Истражуваат на интернет, енциклопедии и други извори. Потоа заедно со наставникот ја проверуваат точноста на податоците. Едната група изработува презентација за највлијателните витешки редови во средниот век и нивниот однос со католичката црква, а втората група за еретиците и нивниот однос со католичката црква. По изработката на презентациите заедно со наставникот дискутираат за улогата на средновековната црква во секојдневниот живот на луѓето во средниот век и го откриваат влијанието на католичката црква во западноевропските општества. Оваа активност поттикнува критичко размислување, вештини за истражување и продлабочено разбирање на различни аспекти од средновековната црква.
- Учениците, поделени во четири групи, добиваат задолжение да истражуваат на интернет за реформацијата и противреформацијата. Заедно со наставникот ја проверуваат точноста на податоците. Потоа првата група изработува презентација за животот на Мартин Лутер, втората група за причините за реформацијата, третата за карактеристиките на протестантизмот, а четвртата за реакцијата на католичката црква против реформацијата. Четирите групи ученици потоа ги презентираат сознанијата до кои дошле и со помош на наставникот преку отворена дискусија се извлекуваат заклучоци во врска со процесот на реформација. Оваа активност поттикнува вештини за истражување, тимска работа, критичко размислување и разбирање на реформацијата и противреформацијата.
- Наставникот организира квиз на знаење за утврдување и систематизација на темата. Ги дели учениците во три екипи (А, Б, В), водејќи сметка за воедначеноста на екипите. Ги објаснува правилата на квизот: 1. Секоја екипа одбира по еден ученик кој ќе одговара на прашањата. Останатите членови на екипата учествуваат во формулирање на одговорите. Наставникот чита прашање за екипата А (прашањата за квизот се во форма на презентација, илустрирани со одредена слика или цртеж), која одговара. За точен одговор се добива 1 поен. 2. Ако екипата А не го знае одговорот или одговори погрешно, одговара екипата Б. За точен одговор добиваат 1 поен, ако погрешат или не го знаат одговорот одговара екипа В. 3. На второто прашање прво одговара екипата Б по ист принцип, на третото екипа В и така до крајот на листата со прашања. Наставникот на таблата црта табела за впишување на бодови. Ја контролира точноста на одговорите и ги впишува поените за секоја екипа во табелата.

| Тема: *БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК*<br>**вкупно часови: 10** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. го објаснува создавањето и ширењето на бугарската и српската држава во развиениот среден век и ги препознава нивните сличности и разлики;<br>2. ги наведува најважните феудални држави и семејства во Албанија во развиениот среден век и ги разбира нивните меѓусебни односи;<br>3. ги опишува најважните воени кампањи и територијални проширувања на Османлиите на Балканот и ги објаснува причините за слабеењето на балканските држави во пресрет на судирот со Османлиската држава;<br>4. ги именува самостојните феудални владетели и држави во Македонија во XIII и XIV век и ги лоцира просторно и временски;<br>5. го опишува стопанскиот живот на балканските земји и го објаснува влијанието на различните стопанските гранки врз секојдневието на луѓето;<br>6. ги опишува културните достигнувања на балканските народи и го препознава нивното наследство во современото општество.<br><br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развие почитување за културата и културното наследство на Балканот и Македонија во развиениот и доцниот среден век. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Подем на Бугарија и Србија**<br>(Второ Бугарско Царство, Петар, Асен, Трново, Калојан, Иван II Асен, Стефан Немања, Стефан Првовенчани, Милутин, Стефан Душан, Душанов законик, царство, Скопје) | • Го определува на историска карта и временска лента просторот и времето на создавањето на бугарската и српската држава во развиениот среден век.<br>• Го објаснува процесот на обнова на бугарската и српската држава и ги наведува нивните најзначајни владетели.<br>• Ги определува на историска карта освојувањата на Стефан Душан и Иван II Асен и ги открива сличностите и разликите меѓу нив. |
| • **Албанија во развиениот среден век**<br>(Албанци, Арбанон, Прогон, Креја, Епирска држава, Арта, Михаил Ангел Комнен, Теодор Ангел Комнен, Клокотница, Карло I Анжујски, Кралство Албанија, Карло Топија, Балша II, Кастриоти, Дукаѓини, Музаки) | • Го објаснува создавањето на феудалната држава Арбанон и ги разбира нејзините односи со соседните држави.<br>• Ги наведува најзначајните настани и владетели од историјата на Епирската држава.<br>• Ги објаснува односите на албанските благородници со Кралството Сицилија во времето на кралот Карло I Анжујски.<br>• Наведува примери за феудални семејства од Албанија и ги определува на историска карта нивните територии. |
| • **Самостојни феудални владетели во Македонија во XIII век** | • Ги именува самостојните владетели во Македонија во XIII век и ги лоцира на историска карта. |

| | |
|---|---|
| (Добромир Хрз, крстоносни походи, Струмица, Просек, феудална држава, Стрез, борби за престол, Пелагониска битка, Алексиј Слав, деспот, Мелник, Хенри I) | • Ги објаснува причините за осамостојување и го опишува карактерот на нивните држави.<br>• Ги споредува самостојните владетели во Македонија во XIII век и ги истакнува сличностите и разликите.<br>• Ја препознава нивната улога во балкански процеси во XIII век. |
| • **Самостојни феудални владетели во Македонија во XIV век**<br>(Серска држава, деспот Јован Углеша, Урош V, царица Елена, повелби, Прилепско кралство, Волкашин, совладетелство, Косовска битка, Прилеп, Битка на Марица, крал Марко, Велбужд, Јован и Константин, Дејанови, Ровине) | • Ги наведува самостојните феудални владетели во Македонија во XIV век и ги лоцира во простор и време.<br>• Ги објаснува околностите и причините за осамостојување на Волкашин и Углеша.<br>• Ги објаснува значењето на Маричката битка и последиците врз Балканот и Македонија.<br>• Преку примерот на крал Марко и браќата Дејанови го согледува концептот на вазалство кон Османлиската држава.<br>• Го препознава значењето и влијанието на кралот Марко врз македонската народна традиција. |
| • **Потпаѓање на Балканот и Македонија под османлиска власт**<br>(Турци-Селџуци, беглуци, емири, Осман, Мурат I, Галиполе, Едрене (Одрин), Битка на Марица, Косовска битка, Бајазит I, Трновско Царство, Видинско Царство, Српско деспотство, Топија, Кастриоти) | • Го определува на историска карта и временска лента просторот и времето на создавањето на Османлиската држава.<br>• Ги наведува причините за слабеење на балканските држави во пресрет на судирот со Османлиите.<br>• Ги објаснува и покажува на историска карта најважните воени кампањи и територијални проширувања на Османлиската држава на Балканот.<br>• Наведува примери за позначајни битки и владетели од периодот на потпаѓањето на Балканот и Македонија под османлиска власт. |
| • **Стопанскиот живот на Балканот**<br>(триполен систем, зависни селани, технитари, Власи, сточарство, земјоделство, воденици, рудници, Ново Брдо, Злетово, Саса, солани, ковање монети, пчеларство, лозарство) | • Ги наведува основните занимања на луѓето во средниот век на Балканот.<br>• Ја разбира и објаснува повеќезначноста на терминот „Власи“.<br>• Ги именува најзначајните средновековни стопански гранки на Балканот и го објаснува нивното влијание врз животот на луѓето. |
| • **Културата на Балканот и во Македонија**<br>(летописи, апокрифи, Борилов синодикт, ктиторство, Марков и Варошки манастир, сликарство, вајарство, Маркови кули, Црква „Св. Андреја“, Хиландар, Зографски манастир, Дечански манастир, Царевец, | • Ги опишува карактеристиките и достигнувањата на Балканот и во Македонија во книжевноста, архитектурата и сликарството (XII-XV век).<br>• Го разбира и објаснува значењето на средновековното ктиторство.<br>• Го објаснува концептот на уметничко занаетчиство.<br>• Преку културното творештво на Балканот ја објаснува врската помеѓу културата и религијата во средниот век. |

| | |
|---|---|
| манастир „Шин Ѓон“, иконописни центри, уметничко занаетчиство) | |

**Примери за активности**

- Наставникот прикажува визуелна презентација за основањето на бугарската и српската држава и нивното зајакнување. Потоа наставникот на таблата црта Венов дијаграм со два круга при што едниот круг го претставува српскиот владетел Стефан Дупан, а другиот го претставува бугарскиот владетел Иван II Асен. Учениците добиваат задача да го пополнат Веновиот дијаграм со посебните и заедничките карактеристики, идеи или подвизи на наведените владетели. Потоа учениците заедно со наставникот ја проверуваат точноста на нивните одговори и дискутираат околу бугарската и српската држава во развиениот среден век. Оваа активност поттикнува критичко размислување, споредбена анализа и продлабочено разбирање на сличностите и разликите меѓу двајцата владетели, а преку нив и на двете држави во третираниот период.
- Наставникот прикажува визуелна презентација за најзначајните феудални држави и семејства во Албанија во развиениот среден век. Учениците во парови добиваат неми карти на кои треба да ги означат териториите кои ги контролирале албанските феудални семејства и териториите на кои се протегале феудалните држави во Албанија, заедно со нивните центри. Наставникот презентира сопствена карта и заедно со учениците се проверува точноста на информациите. Оваа активност поттикнува развивање на просторна ориентација кај учениците и продлабочено разбирање на географските услови во кои функционирале албанските феудални семејства и држави.
- Наставникот подготвува три „тајни пораки“, по една за секој владетел (Добромир Хрс, Стрез и Алексиј Слав). Секоја порака содржи клучни информации за владетелот, но некои зборови се заменети со празни линии.
  Пример:
  „Јас, _______, владеев во градот _______. Се осамостоив поради _______. Мојата држава беше _______ по карактер. Имав судири со _______.“
  Учениците се делат во три групи. Секоја група добива една „тајна порака“ и има задача да ги пополни празнините користејќи ги учебниците или материјалите дадени од наставникот. Откако ќе ги пополнат пораките, групите ги читаат пред одделението. Останатите ученици слушаат внимателно и се обидуваат да откријат за кој владетел станува збор. По читањето на сите пораки, наставникот води дискусија за сличностите и разликите меѓу владетелите, причините за нивното осамостојување и нивната улога во балканските процеси. Оваа активност ги поттикнува учениците активно да истражуваат и да ги синтетизираат клучните информации за владетелите на креативен начин.
- Учениците се поделени во три групи, секоја одговорна за една од самостојните феудални држави во Македонија во XIV век: Серската држава на Углеша, Прилепското кралство на Волкашин и Марко и Државата на Јован и Константин Дејанови. Секоја група добива голем лист хартија на кој треба да нацрта временска лента која го опфаќа XIV век. На лентата, групите имаат задача да ги означат клучните настани поврзани со нивната држава, вклучувајќи: години на владеење, важни битки, промени во владетелите (ако има) и значајни политички одлуки. Покрај настаните, групите треба да додадат кратки објаснувања за секој настан. По завршувањето, групите ги презентираат своите временски ленти пред класот. Наставникот поттикнува дискусија за причините за осамостојување, односите меѓу државите, концептот на вазалство и за нивното значење во историјата на Македонија во средниот век, користејќи ги временските ленти како визуелна помош. Оваа активност поттикнува активно учење и развој на историски вештини преку креативна визуелизација и анализа на клучните настани поврзани со самостојните феудални држави во

Македонија во XIV век.

- Учениците поделени во две групи добиваат задача да си претставаат замислена ситуација во која: 1. Учениците од групата А се поставуваат во позицијата на Јован Углеша пред Маричката битка. Нивната држава е во непосредно соседство со Османлиите, а веќе подолго време османлиски коњички одреди навлегуваат длабоко во нивната држава со намера да ограбат и да ги предизвикаат во отворена битка. Во таква ситуација, учениците имаат задача да напишат писмо до околните феудалци со намера да ги убедат да им се придружат во борбата против Османлиите. Наставникот им помага на учениците во текот на формулирањето на аргументите зошто останатите феудалци треба да учествуваат во битката против Османлиите. 2. Учениците од групата Б се феудални владетели кои „добиле писмо" од Јован Углеша во кое тој ги повикува на заедничка битка против Османлиите. Нивната задача напишат одговор на тоа писмо при што ќе дадат одговори на следните прашања: Дали ќе учествуваат во битката и зошто? Дали притоа ќе ги користат сите ресурси и целата војска со која располагаат? Дали ќе му помагаат на Јован Углеша да ги брани своите граници или заедно со него ќе тргнат во поход за конечна пресметка со Османлиите? Наставникот им помага на учениците да си ја претставаат ситуацијата во која се наоѓале феудалните владетели на Балканот во тој период и им помага да ги формулираат аргументите во писмото. По завршувањето на задачата учениците ги читаат своите писма и заедно со наставникот дискутираат за можните последици од нивните одлуки за нивната феудална држава. Оваа активност поттикнува развивање на историска емпатија, критичко размислување и креативно пишување кај учениците преку лично доживување на клучните настани од потпаѓањето на Балканот и Македонија под османлиска власт.
- Активноста започнува со поделба на учениците во пет групи, секоја фокусирана на различна стопанска гранка на средновековниот Балкан: земјоделство, сточарство, занаетчиство, рударство и ковање монети и специјализирани дејности (пчеларство, лозарство). Секоја група добива задача да истражи за својата тема користејќи учебници и дополнителни материјали, да подготви краток текст до 200 зборови, да најде или нацрта 2-3 илустрации и да издвои 3-5 клучни факти. Наставникот обезбедува испечатени материјали за секоја група. Учениците потоа ги комбинираат своите наоди на голем заеднички хамер, создавајќи визуелен преглед на стопанскиот живот на средновековниот Балкан. Алтернативно, доколку училиштето има технички можности, групите можат да подготват по 2-3 слајда за својата тема, кои потоа се комбинираат во една мултимедијална презентација. На крајот, групите ги презентираат своите делови, а наставникот води дискусија за меѓусебната поврзаност на различните стопански гранки и нивното влијание врз средновековното општество на Балканот. Оваа активност ги поттикнува учениците да истражуваат, да работат во тим и да ги претставуваат своите истражувања на визуелен и информативен начин.
- Учениците се поделени во две групи и добиваат задача да истражуваат за народното творештво поврзано со кралот Марко. Притоа, првата група добива задача да истражува за народни преданија, а втората група истражува за епски песни кои се однесуваат на животот на кралот Марко. Откако секоја група ќе го презентира сработеното, учениците преку дискусија со помош на наставникот ги одговараат следните прашања:
  - Против кого се борел кралот Марко во народните преданија и кого заштитувал?
  - Со какви карактерни особини се одликувал кралот Марко?
  - Каков бил физичкиот изглед на кралот Марко?
  - Какво било неговото оружје и како изгледал неговиот коњ?
  - Дали и како приказот на кралот Марко во народните умотворби се разликува од податоците за кралот Марко според историските извори?

Наставникот учествува во дискусијата и ги насочува учениците кон точните одговори. Оваа активност поттикнува развој на вештини за

истражување, тимска работа, критичко размислување и подлабоко разбирање на разликите меѓу народното творештво и историските извори. Наставникот организира квиз на знаење за утврдување и систематизација на темата. Ги дели учениците во три екипи (А, Б, В), водејќи сметка за воедначеноста на екипите. Ги објаснува правилата на квизот: 1. Секоја екипа одбира по еден ученик кој ќе одговара на прашањата. Останатите членови на екипата учествуваат во формулирање на одговорите. Наставникот чита прашање за екипата А (прашањата за квизот се во форма на презентација, илустрирани со одредена слика или цртеж), која одговара. За точен одговор се добива 1 поен. 2. Ако екипата А не го знае одговорот или одговори погрешно, одговара екипата Б. За точен одговор добиваат 1 поен, ако погрешат или не го знаат одговорот одговара екипа В. 3. На второто прашање прво одговара екипата Б по ист принцип, на третото екипа В и така до крајот на листата со прашања. Наставникот на таблата црта табела за впишување на бодови. Ја контролира точноста на одговорите и ги впишува поените за секоја екипа во табелата.

**Тема:** ***БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ***

**вкупно часови: 12**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го објаснува османлискиот систем на управување со државата;
2. ги наведува и разликува формите на отпор на балканските народи против османлиската власт;
3. наведува примери за востанија на Балканот и во Македонија против османлиската власт и го разбира нивното значење;
4. ги објаснува демографските, социјалните и економските промени на Балканот и во Македонија под османлиска власт;
5. ги објаснува и разликува општествените односи во Османлиската држава во времето на нејзиниот територијален зенит и во времето на нејзиното опаѓање;
6. го опишува стопанскиот живот на Балканот и во Македонија под османлиска власт;
7. ги наведува најважните културни достигнувања на балканските народи под османлиска власт и го разбира нивното значење;
8. го објаснува односот на Османлиската држава кон Охридската архиепископија во различни периоди и ги разбира последиците од нејзиното укинување.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развие почитување за културното наследство од османлискиот период како заедничко културно наследство на народите на Балканот.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • **Османлиската држава**<br>(султан, везир, диван, ејалет, спахија, јаничар, санџак, кадија, сарај, шеријатско право, Мехмед II Освојувачот, Сулејман Величенствениот) | • Го објаснува политичкиот и административниот систем на Османлиската држава.<br>• Ја разбира улогата на јаничарите во историјата на Османлиската држава.<br>• Ги наведува најзначајните владетели на Османлиската држава и ја објаснува нивната улога во зајакнувањето и проширувањето на државата. |

| | |
|---|---|
| • **Отпори против османлиската власт на Балканот и во Македонија**<br>(активен отпор, пасивен отпор, ајдутство, јатаци, арамбаша, бунтови) | • Ги наведува причините за отпор кај балканските народи против османлиската власт.<br>• Ги препознава разликите меѓу активен и пасивен отпор.<br>• Наведува примери за активен и пасивен отпор против османлиската власт.<br>• Го опишува ајдутството како најзастапена форма на активен отпор.<br>• Ги препознава и разликува повисоките форми на отпор против османлиската власт (бунтови и востанија). |
| • **Востанието на Скендер-бег**<br>(Кастриоти, Ѓерѓ Кастриот, Скендер-бег, Кроја, Лешка лига, Торвиолско поле, заштитник на Христовата вера, Марин Барлети) | • Ги опишува и разликува животот и дејноста на Скендер-бег како дел од османлискиот систем на владеење и како бунтовник против османлиската власт.<br>• Ги наведува причините за востанието на Скендер-бег против османлиската власт.<br>• Го објаснува значењето на формирањето на Лешката лига.<br>• Ги лоцира на историска карта најважните настани и битки од времето на востанието на Скендер-бег.<br>• Го објаснува значењето на Скендер-бег за Албанците и за западноевропските држави.<br>• Ја опишува состојбата во Албанија по смртта на Скендер-бег. |
| • **Карпошовото востание**<br>(Австро-турска војна, Карпош, мартолозбашија, Пиколомини, Скопје, чума, Селим Гирај, Леополд I, Камен мост) | • Ги објаснува околностите во кои се случило Карпошовото востание.<br>• Го опишува животот на Карпош пред Востанието.<br>• На историска карта ја лоцира територијата која била опфатена со Карпошовото востание.<br>• Ги објаснува последиците од Карпошовото востание.<br>• Го разбира значењето на Карпошовото востание во историјата на Македонија. |
| • **Демографски, социјални и економски промени по османлиското освојување на Балканот и Македонија**<br>(колонизација, Јуруци, Евреи, Роми, исламизација, Мехмед-паша Соколовиќ, тимарско-спахиски систем, аскер, раја, девширме, десеток) | • Ги објаснува и разликува процесите на колонизација и исламизација на Балканот и во Македонија.<br>• Ги објаснува причините за населување на Евреите во Османлиската држава.<br>• Го објаснува тимарско-спахискиот систем во Османлиската држава.<br>• Ја опишува социјалната структура на населението во Османлиската држава.<br>• Наведува примери од влијанието на Османлиската држава врз секојдневниот живот на луѓето на Балканот. |
| • **Стопанството и секојдневниот живот на Балканот и во Македонија под османлиска власт**<br>(земјоделство, сточарство, рударство, занаети, Дољански панаѓур) | • Го опишува стопанскиот живот на Балканот и во Македонија под османлиска власт.<br>• Ги наведува позначајните рударски центри на Балканот и во Македонија.<br>• Наведува примери за позначајни занаети и панаѓури од Македонија под османлиска власт.<br>• Ги разликува селското и градското стопанство. |

| | |
|---|---|
| • **Културата и културното наследство на Балканот и во Македонија од XV до XVIII век**<br>(манастири, книжевни центри, Христофор Жефаровиќ, Стематографија, пештерни цркви, копаничарство, џамија, турбе, амам, ан, безистен, саат кула, вакаф, ориентална архитектура, медреси, оџи, дамаскини) | • Ги објаснува најважните културни достигнувања на балканските народи под османлиска власт.<br>• Наведува примери на османлиска архитектура на територијата на Балканот и Македонија.<br>• Го објаснува преку примери влијанието на османлиското наследство врз културата и уметноста на денешните народи на Балканот (музика, кујна и друго).<br>• Ја препознава важноста на историските споменици од османлискиот период како заедничко културно наследство на народите на Балканот. |
| • **Положбата на Охридската архиепископија во Османлиската држава**<br>(Св. Софија, Св. Богородица Перивлепта, Атанасиј I, Арсениј, Мустафа III, Цариградска патријаршија) | • Ги објаснува причините за различниот однос на Османлиската држава кон Охридската архиепископија во различни периоди од историјата.<br>• Наведува примери за врски на Охридската архиепископија со европските владетели и католичката црква.<br>• Ги објаснува односите меѓу Охридската архиепископија и Цариградската патријаршија.<br>• Ги наведува причините за укинување на Охридската архиепископија.<br>• Го разбира значењето на укинувањето на Охридската архиепископија во историјата на Македонија. |

**Примери за активности**

- Учениците поделени во четири групи истражуваат на интернет за различни аспекти од политичкиот и административен систем на Османлиската држава. Притоа, првата група истражува за владеењето на султанот, втората за везирите и нивната улога во османлиската власт, третата за административната поделба во Османлиската држава, а четвртата за османлиската војска и јаничарскиот корпус. Групите ги презентираат своите сознанија, а потоа преку дискусија се извлекува заклучок дека Османлиската држава била добро организирана држава со теократски и централизиран карактер. Оваа активност поттикнува развој на вештини за истражување, тимска работа, критичко размислување и подлабоко разбирање на начинот на функционирање на Османлиската држава.
- Учениците следат визуелна презентација за Отпорот на против османлиската власт на Балканот и во Македонија, при што ги добиваат релевантните информации од темата. Потоа наставникот на таблата црта споредбена табела, при што на левата страна пишува „пасивен отпор“, а на десната „активен отпор“. Секој ученик добива задача да ја пополни табелата со форми на пасивен и активен отпор. Потоа учениците заедно со наставникот ја проверуваат точноста на нивните одговори и по потреба наставникот дополнително ги објаснува формите на отпор. Оваа активност поттикнува критичко размислување, споредбена анализа и продлабочено разбирање на сличностите и разликите меѓу формите на активен и пасивен отпор.
- Учениците поделени во пет групи истражуваат. Првата група истражува за животот и делото на Ѓерѓ Кастриот (Скендер-бег). Втората група истражува за причините за кревање на востанието и териториите кои биле опфатени со истото. Третата група истражува за формирањето и

значењето на сојузот во Леш. Четвртата група истражува за задушувањето на востанието на Скендер-бег по неговата смрт и резултатите од истото, а петтата група истражува за животот во Албанија под османлиска власт. Групите изработуваат презентации и ги истакнуваат најзначајните настани од времето на востанието Скендер-бег и по целосното воспоставување на османлиската власт во албанските територии. Оваа активност поттикнува критичко размислување, вештини за истражување, тимска работа и продлабочено разбирање на различни аспекти од животот и востанието на Скендер-бег.

- Учениците се поделени во неколку мали групи. Секоја група добива различни „историски извори“ поврзани со Карпошовото востание, односно кратки извадоци од историски документи, описи на настани и имиња на личности и локации. Задачата на учениците е да ги анализираат овие информации и да ја „реконструираат“ приказната за востанието.

  Групите треба да одговорат на клучни прашања како:
  - Кој бил Карпош и каква била неговата улога?
  - Кои биле причините за востанието?
  - Кои области биле опфатени со востанието?
  - Кои биле главните настани?
  - Како завршило востанието и кои биле последиците?

  Откако ќе завршат со задачата, секоја група ги презентира своите наоди, а потоа следи дискусија каде се споредуваат различните „реконструкции“ и се разговара за тоа како историчарите работат со ограничени информации за да ги разберат настаните од минатото. Оваа активност ги поттикнува учениците да размислуваат критички, да анализираат информации и да соработуваат, истовремено учејќи за важен настан од македонската историја на интерактивен начин.
- Учениците се делат во групи и секоја група истражува за еден аспект од секојдневниот животот на луѓето во Османлиската држава: храна, облека, обичаи, семејство. Целта е сите групи заедно да подготват еден голем постер, на кој ќе биде прикажан секој аспект од животот преку фотографии кои учениците ги наоѓаат на интернет, ги печатат, сечат и лепат на голем постер под соодветни наслови, при што обрнуваат внимание во сликите да бидат прикажани луѓе од сите општествени, социјални и родови категории. Потоа секоја група ги користи сликите за да го опише аспектот од секојдневниот живот на кој работела. На крајот, во отворена дискусија заеднички се заклучува дека секојдневниот животот на луѓето во Османлиската држава во голема мера се разликувал зависно од општествената и социјалната категорија на која припаѓале. Оваа активност ги поттикнува учениците да истражуваат, да работат во тим и да ги претставуваат своите сознанија на визуелен и информативен начин.
- Учениците поделени во две групи добиваат задача да си претстават замислена ситуација во која: 1. Учениците од групата А се патеписци, кои посетиле село во Македонија под османлиска власт и по заминувањето од селото ги запишуваат „своите впечатоци“. Во текстот учениците го објаснуваат стопанскиот живот во селата и ги истакнуваат разликите со градското стопанство.

  2. Учениците од групата Б се патеписци, кои тукушто го посетиле Долјанскиот панаѓур и ги запишуваат „своите впечатоци“ од она што го виделе на панаѓурот. Учениците во текстот преку најпознатиот панаѓур на Балканот ги опишуваат панаѓурите и го објаснуваат нивното значење во историјата на Балканот и Македонија. Оваа активност поттикнува развивање на критичко размислување, креативно пишување и подлабоко разбирање на различни аспекти од животот на Балканот под османлиска власт.
- Учениците поделени во групи определуваат објекти или градби во нивна близина кои датираат од османлискиот период. Потоа истражуваат и по

можност ги посетуваат тие објекти, при што собираат фотографии од објектите и информации за нив. Со помош на собраните информации и фотографии, учениците изработуваат презентација за објектите во нивна близина и ја презентираат на час. Потоа заедно со наставникот дискутираат за значењето на историските споменици од османлискиот период како заедничко културно наследство на народите на Балканот. Оваа активност поттикнува истражувачки вештини, тимска работа, синтеза на клучните информации и продлабочено разбирање за значењето на историските споменици од османлискиот период.

- Наставникот ги дели учениците во четири групи и им дава задача да истражуваат. Првата група истражува односите на Охридската архиепископија со османлиските власти во различни периоди. Втората група истражува за односите на Охридската архиепископија со европските владетели и католичката црква. Третата група истражува за односите на Охридската архиепископија со Цариградската патријаршија, а четвртата група истражува за причините за укинувањето на Охридската архиепископија. Потоа сите три групи изработуваат презентации, каде ги истакнуваат сознанијата до кои дошле во текот на истражувањето. Оваа активност поттикнува критичко размислување, вештини за истражување, тимска работа и продлабочено разбирање на различни аспекти од положбата на Охридската архиепископија во Османлиската држава.
- Наставникот организира квиз на знаење за утврдување и систематизација на темата. Ги дели учениците во три екипи (А, Б, В), водејќи сметка за воедначеноста на екипите. Ги објаснува правилата на квизот: 1. Секоја екипа одбира по еден ученик кој ќе одговара на прашањата. Останатите членови на екипата учествуваат во формулирање на одговорите. Наставникот чита прашање за екипата А (прашањата за квизот се во форма на презентација, илустрирани со одредена слика или цртеж), која одговара. За точен одговор се добива 1 поен. 2. Ако екипата А не го знае одговорот или одговори погрешно, одговара екипата Б. За точен одговор добиваат 1 поен, ако погрешат или не го знаат одговорот одговара екипа В. 3. На второто прашање прво одговара екипата Б по ист принцип, на третото екипа В и така до крајот на листата со прашања. Наставникот на таблата црта табела за впишување на бодови. Ја контролира точноста на одговорите и ги впишува поените за секоја екипа во табелата.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- истржувачките активности за прибирање податоци,
- изработките (мултимедијални презентации, постери, брошури и друг вид презентации),
- придонесот во работата во мали групи
- домашните задачи и
- одговорите на квизови и тестови.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по *Историја* за VII одделение.** | бр. 12-1900/4<br>29.1.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |